**ЗАПИСНИК**
**од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 18.11.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Емилија Петреска Камењарова, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Виктор Атовски, сниматели од ТВ Канал 5.

Г-дин Петрушевски ја отвори 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.11.2022 година.
2. Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор за 2023 година.
3. Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2023 година.
4. Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година).
5. Предлог за донесување на одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година.
6. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда.
7. Предлог за покренување прекршочна постапка против операторот Македонски Телеком од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
11. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
12. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка- услуга: Технички преглед на лифтови и платформа.
13. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Печатарски услуги.
14. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.11.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3 и 4**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 2, 3 и 4 да се образложат со заеднички вовед, исто така и дискусијата да биде за трите точки, а потоа за сите нив гласањето да биде поединечно.

Членовите на Советот немаа против овој предлог.

Г-дин Трајчевски ги образложи Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2023 година, Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2023 година и Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година). Објасни дека Годишниот план за програмски надзор ги опфаќа редовните програмски надзори што во 2023 година ќе ги спроведе Агенцијата врз следните три групи на субјекти: радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи. Во планот е јасно утврдено кои обврски од Законот ќе бидат предмет на надзор и во кој период од годината ќе биде спроведен надзорот. Сето ова ќе биде објавено на веб страницата на Агенцијата и сите субјекти и заинтересирани ќе имаат увид кога Агенцијата ќе врши надзор за соодветната група на субјекти. Во врска со Годишниот план за административен надзор објасни дека тој се однесува на редовните надзори што ќе се спроведат над радиодифузерите и над издавачите на печатени медиуми и во него исто така е прецизно утврден и периодот кога ќе се спроведе надзорот и за кои обврски. Програмата за работа на Агенцијата се состои од програма на планирани активности и финансиски план. Во програмата на планирани активности се предвидени целите што се сакаат да се постигнат во 2023 година, сите активности што ќе се преземат за остварување на тие цели, очекуваните резултати и периодот на реализација. На

почетокот издвои две позначајни активности: прво, дозволите на најголем дел од постојните радиодифузери престануваат да важат на почетокот на 2024 година, и затоа во втората половина од годината Агенцијата ќе треба да го спроведе процесот на продолжување на важноста на дозволите, секако на оние радиодифузери што ќе поднесат барање согласно Законот. Друга многу важна активност што Агенцијата треба да ја спроведе во 2023 година е изработка на регулаторна стратегија за периодот 2024-2028 година. Како и досега, овој процес ќе биде целосно инклузивен, односно во изработката на стратегијата ќе се вклучат сите релевантни субјекти. Медиумската писменост и обезбедувањето достапност до програмите на лицата со сетилна попреченост ќе бидат во фокусот на Агенцијата и во текот на 2023 година. И оваа година ќе се организираат Денови на медиумска писменост, а ќе продолжи и поддршката на македонската Мрежа за медиумска писменост. Ќе се преземат активности за да се поттикнат давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да обезбедат достапност до своите програми/содржини за лицата со сетилна попреченост, а ќе се продлабочи и соработката со организациите на лицата со сетилна попреченост. Во насока на поттикнување на слободата на изразување и на слободата на медиумите предвидени се активности за јакнење на редакциската култура и за независност на уредувачката политика кај радиодифузерите, како и за зголемување на свесноста за важноста на професионалните новинарски стандарди. Програмата ги опфаќа и сите активности што Агенцијата ќе ги преземе за да се обезбеди поголемо почитување на програмските обврски на радиодифузерите, обврските за обезбедување јавност во нивното работење, како и заштитата на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите. Исто така, во програмата се утврдени и активностите чија цел е да се обезбеди поголемо почитување на обврските што во Законот се утврдени за давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми. Во 2023 година, меѓународната соработка Агенцијата ќе ја остварува преку учество на состаноците на меѓународните организации и асоцијации од аудиовизуелната сфера во кои членува или има статус на набљудувач, а во рамките на процесот на евроинтегрирање, Агенцијата ќе учествува во процесот на изготвување на измените на медиумската легислатива поради нејзино усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги. Во однос на Нацрт- финансискиот план за 2023 година објасни дека вкупните приходи и расходи се планираат да изнесуваат 147.724.505,00 денари. На приходната страна, најголеми приходи планирани се да се остварат од Буџетот на РСМ во износ од 54 милиони денари (согласно планираните средства за оваа намена во Предлог Буџетот на РСМ за 2023 година). Всушност се предвидени истите средства како и претходните години без оглед на тоа што Буџетот секоја година бележи значително зголемување. Потоа од пренесени средства од минати години на износ од 52.724.505,00 денари, од дозволи 26 милиони денари и 11 милиони денари од надзорот за реемитување на програмски сервиси преку јавни електронски комуникациски мрежи. Планираниот приход од дозволи е намален за 25%, согласно Заклучокот што го донесе Советот за предвидената донација за сите комерцијални и непрофитни радиодифузери во висина од 25% од годишниот надоместокот за дозволата. На расходната страна во предложениот Нацрт, најголеми расходи се предвидени на позицијата вкалкулирани плати во износ од 57.355.505,00 денари. На ставката купување на опрема се предвидени средства во износ од 16.246.000,00 денари кои се планирани за исплата на започнатата набавка на Систем за автоматско управување со документи, за проектирање, набавка, монтажа, изведба и приклучок во енергетска мрежа на фотоволтаична централа поставена во седиштето на

Агенцијата и за набавка на ИКТ (Информатичка опрема) за виртуелизација. Расходната ставка за потрошена енергија во 2023 година поради енергетската криза, е предвидена да изнесува 16.650.000,00 денари. Други расходни ставки со повисоки износи во Нацртот за 2023 година се и позициите интелектуални услуги во износ од 13.736.000,00 денари и инвестиционо одржување на средствата во износ од 12.758.000,00 денари. Овие ставки се во висина на предвидените износи во изминатите години. Предложениот Нацрт-финансискиот план за 2023 година е помал од усвоениот Финансиски план за 2022 година кој изнесуваше 148.504.238,00 денари. На крајот наведе дека доколку е потребно детално објаснување за Нацрт-финансискиот план и Нацрт-програмата за работа, на седницата се раководителите од надлежните сектори кои ќе одговорат на поставените прашања.

Г-дин Фиданоски рече дека ја разгледал Нацрт-верзијата на Програмата за работа и за неа ќе дискутира. Во однос на Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2023 година и Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2023 година рече дека тие се стандардизирани и дека ќе даде поддршка за сите три точки, затоа што смета дека се солидно и професионално изработени од страна на службата и се надева дека како што беше и во претходните години така и во 2023 година ќе бидат целосно реализирани. Во нив се предвидени сите оние активности кои што се неопходни за функционирање на регулаторното тело. Како есенцијална активност го издвои надзорот, но како што спомнал директорот Трајчевски тука се и медиумската писменост, слободата на изразување, меѓународната соработка, анализите, истражувањата. Директорот Трајчевски се осврнал на некои поенти од нацрт верзијата на Програмата за работа за која ќе каже и негово видување. Тоа пред сѐ е новата регулаторна стратегија за периодот 2024-2028 година. Сегашната стратегија што сѐ уште е актуелна е прв пат направена како регулаторна стратегија за аудиовизуелната дејност и беше направена онака како што треба во секој поглед и нема сомнеж дека и следната ќе биде направена исто така квалитетно. Се надева дека најверојатно претходно ќе има една поширока јавна расправа која во себе ќе ги инкорпорира сите сегменти или сите предизвици кои што ќе ги има аудиовизуелната дејност во нашата држава и пошироко. Следната година ќе биде еден вид подготвителна за условно речено продолжување или непродолжување на постојните дозволи на радиодифузерите кои истекуваат на почетокот на 2024 година. Очекува дека и за оваа тема ќе има плодна јавна расправа, ќе има судир на ставови за актуелниот концепт со толку радиодифузери, со помалку радиодифузери или со повеќе радиодифузери, ќе се види што ќе преовладува во јавното мислење. Пред сѐ мисли на оние радиодифузери кои имаат национална терестријална дозвола и очекува дека ќе се искристализира пред продолжението на дозволите, кој сака а кој не сака да ја задржи дозволата, ќе бидат сведоци на продолжувањето или евентуално издавањето на нови дозволи. Сугерираше на два аспекта кои се опфатени во програмата. Следната година ќе биде подготвителна од аспект на имплементација на ревидираната аудиовизуелна директива која во суштина менува некои релации од аудиовизуелната дејност, а кои подлежат на подлабоки законски измени кои треба да се случат, и според негова проценка ќе изискува потреба на носење на сосема нов Закон, затоа што како што велат правниците ако има потреба за промена на повеќе од една третина на постојниот, негово скромно мислење е дека треба носење на нов Закон, затоа што не само Директивата туку и други аспекти ќе треба да се опфатат како што се медиумската концентрација и слично. Согласно ова според него подобро би било да се носи нов Закон како решение кое што

би било понудено и усвоено од законодавецот. Верува дека следната година ќе има широка јавна расправа каде ќе се судрат концепти, размислувања, аргументи на маса, дека нема да има предлози на закони кои треба да се усвојат преку ноќ, како што има сега еден актуелен во предлог верзија кој се носи во Собрание, дека сепак тоа на крај ќе биде како предлог независно дали ќе биде сличен за одредена област или за повеќе области, но пред сè да биде резултат на поширока јавна расправа која што ќе биде понудена, која ќе донесе аргументи, факти, концепти, спротивставувања или усогласувања кои ќе ги дадат најдобрите можни решенија. Даде поддршка на програмата, смета дека е професионално срочена, верува дека ќе биде без проблем усвоена од Советот. Исто така даде поддршка и на предложениот Финансиски план, но иако е помал од сегашниот, верува дека тие средства ќе бидат доволни затоа што како што рече Агенцијата како тело работи домаќински.

Г-дин Петрушевски рече дека сите три документи се оптимално подготвени во однос на деталите, а квалитетот го оценува како одличен што е стандардно за Агенцијата и за сите три Нацрти ќе даде поддршка. Се осврна на регулаторната стратегија за периодот 2024-2028 година. Наведе дека пред извесно време започна подготовка за измена на ЗААВМУ во правец на усогласување со најновите европски директиви. Не знае дали е можно, само размислува, дека овие две активности можат да влијаат една на друга. Всушност оние работи кои ќе се дефинираат во измените на Законот со усогласување со Европската директива да станат составен дел на новата стратегија и обратно. Она што го кажал г-дин Трајчевски, многу е важно што повеќе релевантни фактори да се вклучат во изработката на регулаторна стратегија за периодот 2024-2028 година за да биде максимално инклузивна. Посебно е важно надлежното министерство да се инволвира што повеќе, затоа што на крајот тие се тие што она што го пишува во Стратегијата да го предлагаат во Собрание како Закон. Она што не го пишува во материјалите е дали во изработката на Стратегијата Агенцијата ќе се потпре исклучиво на домашни субјекти, експерти, телевизии, министерство или евентуално ќе има како пред десетина години помош од некој европски експерт. Предложи службата да размисли околу овие работи и се надева дека ќе се изработи една стратегија која ќе биде многу добра и ќе има влијание во наредните 5 години како што е напишано. Се изјасни дека ќе ги поддржи сите три нацрт документи во форма како што се предложени.

*<u>Гласање по Точка 2</u>*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2023 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата во врска со Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор во 2023 година да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр. 01-3732/1 од 29.07.2019 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2023 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата, во врска со Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор во 2023 година, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-годишен план да го објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно ја одобри Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година), со текст како што беше предложена.

Агенцијата во врска со горенаведената Нацрт-програма за работа, да постапи во согласност со член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр. 01-3732/1 од 29.07.2019 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Нацрт-програма за работа да ја објави на веб-страницата на Агенцијата, со рок од 30 дена, со цел да се обезбеди јавна расправа и да им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година. Објасни дека со овој ребаланс вкупните расходи ќе останат исти. Од соодветните ставки кои се наведени во материјалот ќе се обезбедат 500.000,00 денари, наменети за топлинска енергија во износ од 250.000,00 денари и зголемување на средствата наменети за надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во странство во износ од 250.000,00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, бр.05-3587/1 од 29.09.2022 година.

Со предложениот ребаланс на Финансискиот план за 2022 година, вкупните планираните расходи остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 148.504.238,00 денари.

Со предложениот ребаланс се дообезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за топлинска енергија во износ од 250.000,00 денари и зголемување на средствата наменети за надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во странство во износ од 250.000,00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-информацијата до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда. Објасни дека од стана на ТРД Канал 5 Скопје е поднесено барање до Агенцијата во најкус можен рок да поднесе кривична пријава до надлежното јавно обвинителство против правното лице операторот ТОТАЛ ТВ заради постоење сомневање за повреда на авторските и сродни права од операторот ТОТАЛ ТВ бидејќи во наводите од страна на радиодифузерот ТВ Канал 5 е наведено дека ги реемитува неговите програмски содржини во повеќе држави во светот без притоа да има регулирани авторски и сродни права. Согласно ЗААВМУ Советот на Агенцијата во ваков случај е должен да поднесе информација за сомневање за сторена повреда до надлежниот орган кој што го гони непочитувањето на Законот за авторски права, а тоа е Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, и оваа пракса од секогаш постоела

Советот на Агенцијата, врз основа на добиеното Барање за покренување на кривична пријава до надлежни органи од страна на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје бр.03-4221/1 од 11.11.2022 година со кое бараат во најкраток можен рок да се поднесе кривична пријава до надлежно јавно обвинителство против правното лице оператор Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, едногласно одлучи до Министерството за внатрешни работи - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал да се достави Информацијата за постоење сомневање на сторена повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа  Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со текст како што беше предложена.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената информација да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување прекршочна постапка против операторот Македонски Телеком од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека со надзор е констатирано дека овој оператор реемитува два програмски сервиси кои не се опфатени со потврдата за регистрација која ја издава Агенцијата. Со оглед на фактот дека тоа е втор прекршок во текот на годината односно претходно му е упатена мерка јавна опомена, согласно Законот се предлага да се покрене прекршочна постапка против овој оператор.

Г-дин Петрушевски постави прашање до директорот. Колку што се сеќава од претходните години, смета дека ова е прва повреда од ваков тип што ја прави Македонски Телеком и праша дали е во право?

Г-дин Трајчевски одговори дека можеби овие неколку последни години е така, но пред тоа имаше прекршочни постапки кон Македонски Телеком.

Г-дин Петрушевски рече дека е зачуден за ваквата непрецизност во работењето на овој оператор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-4061/1 од 02.11.2022 година на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје, и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, на 01.11.2022 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Nova S“ и „Brainz“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

**Точки 8, 9, 10 и 11**

Г-дин Петрушевски рече дека Точките 8, 9, 10 и 11 се однесуваат за еден ист медиум но за различни прекршувања од ЗААВМУ. Во таа насока предложи да се даде заеднички вовед и дискусија а потоа гласањето да биде за секој прекршок посебно.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена за прекршување на членови 50 став 3, член 53 став 2, член 64 став 1 и член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ од страна на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес. Објасни дека овие прекршувања се констатирани со редовен надзор. Првото прекршување е констатирано во играната хумористична емисија *„Ајде да зажмуримо“* бидејќи беше емитувана без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење, што претставува прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ. Следниот прекршок се однесува на емитување на недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, констатирани во рамките на „Мастраф муабет“, забавно-документарна емисија, беа емитувани пет промотивни спота за: *„Хотел Дрим“*, *„Оскарпласт“*, *„Миса - мегамаркет“*, *„Набизи“*, *„Елит кафе“* и *„Вакчаре“*, што претставуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации односно прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ. Третото прекршување е на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион“, се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да

биде обезбеден превод на македонски јазик. Исто така, изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Последниот констатиран прекршок на ТВ Здравкин е на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. За сите прекршувања се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка а потоа да се направи контролен надзор.

Г-дин Фиданоски рече дека има една техничка забелешка во Точка 9, каде според него е направена ненамерна грешка. Името на интервјуираниот гостин ракометарот „Николче Мојсоски" е всушност „Наумче Мојсоски". Во таа насока предложи да се провери уште еднаш и доколку е така да се коригира Извештајот.

Г-дин Ајдини рече дека малку е зачуден од толкав број на прекршувања од страна на оваа телевизија која има работно искуство од 30 години па праша дали службата има информации кои се причините за ваквото непочитување на Законот? Наведе дека независно од одговорот, ќе гласа за изрекување мерка јавна опомена за сите 4 точки.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека не ја знае причината затоа што по доставените Извештаи од надзор радиодифузерот се нема изјаснето по однос на прекршувањата и од таа причина не се доставени ни во материјалите како вообичаено кога има изјаснувања.

Г-дин Трајчевски во врска со локалните и регионалните медиуми објасни дека секоја година се прави надзор на различни радиодифузери и доаѓа да бидат мониторирани на 3 до 4 години. Ова секогаш е пракса кога ќе се направи надзор да се опфатат повеќе членови на Законот и во тој случај се констатираат голем број на прекршувања како што беше пред една две години со ТВ Нова од Гевгелија, оваа година ТВ Гурра од Кичево и така натаму. Овие грешки најверојатно се случуваат затоа што подолг период од неколку години не им се прави надзор и радиодифузерите се опуштаат и забораваат на законските обврски.

Г-дин Петрушевски рече дека веројатно тоа е причината, олабавени се затоа што не се во фокусот, гледаноста е релативно мала, се работи за локална средина.

Г-дин Фиданоски рече како надополнување на дискусијата, според она што успеал да го прегледа во материјалот има впечаток дека дел од овие мониторирани програмски содржини можеби се преземени од други радиодифузери и условно речено само се емитувани во етерот на овој радиодифузер, односно комплетно се преземени без детално да се прегледаат дали би прекршиле некој член на ЗААВМУ. Најверојатно тука е направен превид, не е направен превод, не се прегледал материјалот дали има прикриен маркетинг и слично.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4075/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 5 октомври 2022 година, играната хумористична емисија *„Ајде да зажмуримо“* беше емитувана без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај бр.10-4074/1 од 02.11.2022 година за извршен редовен програмски надзор и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ затоа што на 5 октомври 2022 година, во рамките на „Мастраф муабет“, забавно-документарна емисија, беа емитувани пет промотивни спота за: *„Хотел Дрим“*, *„Оскарпласт“*, *„Миса - мегамаркет“*, *„Набизи“*, *„Елит кафе“* и *„Вакчаре“*, што претставуваат прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во согласност со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес му се наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 10</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4066/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, искажувањето на аналитичарот од Бугарија, Владимир Владимиров во емисијата „Стадион“, се емитуваше изворно на бугарски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик. Исто така, изјавите на Северина помеѓу некои нејзини песни во рамките на Концертот на Северина во Загреб, се емитуваа изворно на хрватски јазик, без да биде обезбеден превод на македонски јазик.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 11</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4065/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин ДООЕЛ, Велес да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 12**

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Технички преглед на лифтови и платформа. Објасни дека станува збор за двогодишна јавна набавка која ќе се спроведе како постапка од мала вредност. Оваа набавка произлегува од законските обврски за која што Агенцијата како субјект е должна да спроведе технички преглед на лифтови и платформа, пред се заради безбедна употреба. Оваа набавка ќе се спроведе заедно со Агенцијата за млади и спорт.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Технички преглед на лифтови и платформа.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Технички преглед на лифтови и платформа е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3616/1 од 30.09.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година, односно ќе бидат дообезбедени и во Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година.

**Точка 13**

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Печатарски услуги. Објасни дека оваа набавка е едногодишна и исто така спаѓа во набавки од мала вредност со проценета вредност од 600 илјади денари.

Г-дин Петрушевски рече дека најверојатно станува збор за специфични печатарски услуги како брошури, публикации и слично на што доби потврден одговор од страна на службата. Изрази надеж дека ќе се јават поголем број на понудувачи за да се добие пониска цена

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Печатарски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Печатарски услуги е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки

за 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3616/1 од 30.09.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

**Точка 14**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-4270/14

28.11. **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**